

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ИЗДАНИЕ БР.11, МЕСЕЦ МАРТ 2019







## ЛОКАЛНИ СТРАТЕГИИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ЖИВОТ НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ

Здружението на лица со церебрална парализа од Велес го реализираше проектот ЛАПЛИ кој има за цел да ги зајакне невладините организации во насока на подобрување на условите за живот на лицата со посебни потреби.

Во Кавадарци се одржа завршната конференција на која беа презентирани локалните стратегии за помош на овие лица за општините Кавадарци, Градско и Чашка, кои беа дел од проектот.
На конференцијата Градоначалникот г-дин Митко Јанчев истакна: "Од самиот почеток на мојот мандат како Градоначалник безрезервно се залагам за еднаквоста во општеството. Имаме реализирано повеќе проекти за подобрување на условите за пристапност и целосно непречено функционирање на лицата со инвалидност.
Овој "Локален акционен план за лица со инвалидност-ЛАПЛИ" ќе ни биде водилка за реализирање на уште проекти кои се од големо значење.
Преку овој акционен план ќе имаме континуитет во поглед на планирање и реализирање на проекти. Во подготовката на планот беа вклучени компетентни луѓе кои ја доловија реалната состојба и реалните потреби а тоа не води кон вистинскиот пат.
Голема благодарност до сите инволвирани лица кои имаат заслуга за овој акционен план и се надевам дека во целост ќе го оправда неговото изготвување."

# ТЕКОВНИ РАБОТИ




## ДОГРАДБА НА КЕЈОТ НА РЕКАТА ЛУДА МАРА

Месецов започна со реализација проектот за изградба на кеј шеталиште на реката Луда Мара низ селото Ваташа.
Станува збор за четвртата фаза од изградбата на кејот. Согласно проектот треба да се изградат 770 должни метри нов кеј на потегот од паркингот кај зградите „Силекс" до последниот мост на регионалниот пат.
За реализација на овој проект општината ќе инвестира 20 милони денари.

## КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА НА УЛ.БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ

Се реализираше проектот на општината, за проширување и поплочување на јужниот влез во „Здравствен дом".
Станува збор за зафат со кој се овозможува побезбеден и побрз пристап на возилата на Брза помош од правец на улицата „Браќа Миладинови".
Со овој проект значително се подобрува пропустната моќ на оваа сообраќајница кон улицата „Крсте Мисирков" која минува низ дворот на старата болница





## ИЗГРАДБА НА КАНАЛИЗАЦИЈА

Општина Кавадарци е во фаза на реализација на комунален проект за изградба на канализација.
Се работи за нова линија во должина од 250 метри на улицата „12 Другари", под фудбалското игралиште на ФК „Габер".
За овој проект општината издвојува околу 600.000 денари, пари обезбедени од буџетот, сметка за комунална изградба.

## КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА НА УЛ.БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ

Се реализира комунално еколошкиот проект за формирање на пешачка патека. Согласно проектот се работи на спојување на улиците „Страшо Пинџур" и „4 Мај". На овој дел од долот ќе се оформи пешачка патека со покривање на коритото. Проектот опфаќа поставување на две линии на пластични корогирани цевки со профил фи-600мм, шахта како и решетка за зафаќање на атмосферските води. Освен комуналната, покривањето на оваа делница од „Желков дол" ќе има и еколошка функција, со што ќе се спречи фрлањето на отпад во коритото на долот. Долж новоформираната пешачка патека општината ќе постави и 7 канделабри од јавното улично осветлување, за непречено движење на пешаците во ноќните часови. Овој проект ќе им овозможи на граѓаните значително скратување на патот, како и побезбедно движење помеѓу улиците „4 Мај" и „Страшо Пинџур".





## ПРОДОЛЖУВА РЕВИТАЛИЗАЦИЈАТА НА СПОРТСКАТА САЛА ПАРТИЗАН

Општина Кавадарци продолжува со реализација на проектот за ревитализација на спортската сала „Партизан".
Денеска се работеше на поставувањето на новиот паркет на спортскиот терен. На површина од близу 600м2 се поставува современ „таркет паркет" со дебелина од 2 сантиметри кој веднаш е подготвен за употреба, без дополнителни интервенции со лакирање.
Паралелно се монтира и новото осветлување.

# ТЕКОВНИ РАБОТИ



## НОВИ СВЕТЛЕЧКИ СООБРАЌАЈНИ ЗНАЦИ

Општина Кавадарци релизираше нов проект за подобрување на безбедноста во сообраќајот. На повеќе клучни сообраќајни точки се поставени 10 предупредувачки светлечки сообраќајни знаци. Знаците се донација од Ротари клуб Кавадарци, „Кожувчанка“ и „Вирлиос компани“. Станува збор за најсовремена ЛЕД технологија заснована на софтверско решение изработено од информатичарите во фирмата донатор „Вирлос компани“, која комплетно ги изработи и куќиштата на знаците со електриката и електрониката во нив. Знаците се програмирани да известуваат за брзината на возилата по градските улици почнувајќи од максималната дозволена од 40 километри на час. Новите знаци имаат предупредувачка и воедно образовна улога. За возачите кои ги почитуваат правилата ќе се појавува смајли иконичка со насмевка, а за оние што ја пречекоруваат дозволената брзина смајлито ќе биде намрштено и гневно во зависност од тоа колку е пречекорена дозволената брзина. Од „Вирлиос компани“ велат дека оваа технологија која во Кавадарци се применува за прв пат, дава можност за нејзино користење во најразлични намени поврзани со предупредување и информирање на учесниците во сообраќајот и граѓаните.

## ВО ЗАВРШНА ФАЗА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ПРОТИВПОЖАРНИОТ ДОМ.

Од проектот на Општина Кавадарци за ревитализација на Противпожарниот дом, останува само уште делот за хортикултурно уредување на стопанскиот двор. Согласно овој значаен проект општината изврши целосна реконструкција на внатрешноста, како и на фасадата на зградата на Територијалната против пожарна едница Кавадарци. Се изгради современа гаража со пет дела каде се паркираат противпожарните возила,дворот е целосно урбанизиран и поплочен и бетониран, подигната е метална ограда, а поставено е и ново јавно осветлување околу и на самиот објект. После извршените интервенции објектот и локацијата на противпожарниот дом се оформија во современ урбанизиран простор, кој обезбедува оптимални услови за престој и работа на пожарникарите, како и за чување на опремата. Општината како и општествено одговорните компании и невладини организации во изминатиот период за противпожарната служба донираа, опрема за пожарникарите, возила за различни интервенции, средства за радио комуникација и други потреби за осовременување на ТПП единица.







## ДВЕ НОВИ ВОЗИЛА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ

Општина Кавадарци и Јавното претпријатие „Комуналец“ денеска промовираа нови возила во возниот парк. Во присуство на градоначалникот Митко Јанчев, раководството на „Комуналец“ и раководители од општинската администрација на јавноста и беа претставени две нови возила. Се работи за камиони од брендовите „Ивеко“ „камион кипер за носење на разен материјал и други градежни
зафати на ЈП Комуналец и за нова цистерна за перење на улиците - автоматизирана со бренер „Форд“.
Градоначалникот Јанчев денеска промовираше мобилна станица за производство на асфалт. Во било кој период од годината ќе се произведува асфалтен материјал за санирање на ударни дупки
и други оштетувања на патиштата. Во изјавата градоначалникот истакна „За прв пат ваква мобилна база за правење на асфалт се промовира токму во Кавадарци. Таа е прва во Македнија. За еден месец машината ќе биде ставана во функција, а нам како општина преку Јавното претпријатие ќе ни овозможи 12 месеци во секакви услови, непрекинато правење на потребните количини на асфалтна маса за крпење на ударните дупки и помали интервенции на теренот. Стариот асфалт ќе може повторно да се употребува и да се рециклира и да се прави и нов асфалт. Машината е во вредност од околу 1 милион денари.
Со нејзиното ставање во функција ќе се работи далеку попродуктивно и многу поекономично“ вели градоначалникот Митко Јанчев.

## СЕ РЕАЛИЗИРА ПРОЕКТОТ ЗА ПЕШАЧКА ПАТЕКА

Се реализира комунално еколошкиот проект за формирање на пешачка патека. Спојувањето на улиците „Страшо Пинџур“ и „4 Мај“ станува реалност. На овој дел од „Желков дол“ се оформува пешачка патека со покривање на коритото на долот со тампон.
Деновиве ангажираната фирма работи на шалување на пристапните скали од улицата „Страшо Пинцур“, откако претходно во бетонираното корито на долот, беа поставени две линии на пластични корогирани цевки со профил фи-600мм, како и шахта за зафаќање на атмосферските води.
Долж делницата предвидена за пешачка патека ќе бидат поставени бехатон коцки, а новоформираната пешачка патека општината ќе постави 7 канделабри од јавното улично осветлување.



# ТЕКОВНИ РАБОТИ



## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

Општина Кавадарци преку оперативата на Јавното комунално претпријатие врши реконструкција на постоечка атмосферска канализација за прифаќање на атмосферски води на дел од улицата „Тиквешко Востание“ од раскрсницата кај „Домот на културата“ во правец на „првиот триаголник“. Вкупната должина на предвидената делница за реконструкција е L=317 метри. Но според проектот се менува со два профили и тоа еден дел со должина од L=104 м' ќе биде изведен со цевки со дијаметар Ф500мм, а вториоти дел L=213 м' со цевки со дијаметар Ф400 мм. Предвидено е приклучување на постоечките сливници на новата атмосферска канализациона линија. Со овој проект општината ќе обезбеди поефикасно одводнување на центарот на градот од атмосверските води.




## НОВА КАНАЛИЗАЦИОНА ЛИНИЈА

Општина Кавадарци е во фаза на реализација на уште еден инфраструктурен проект од комуналната изградба. Се поставува канализациона линија на дел од улицата „8 Септември“.
Се работи за нова линија со паралелни цевководи за фекална и атмосферска канализација.
Новата линија се поставува на потегот од влезот во ВВ „Тиквеш“ до влезот во стопанскиот двор на „Градба промет“. Вкупната должина на оваа делница е 200 метри.
Според проектот се поставуват пластични цевки со профил фи. 500 милиметри за фекалната и фи. 400 милиметри за атмосферската канализација.
На овој дел ќе се постави и нова водоводна линија. Оваа нова подземна инфраструктура ќе биде во функција на жителите од населбата Урбан блок „Бел Камен“.



## ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА ЗА „УТВРДУВАЊЕ НА ОПРАВДАНОСТА ОД ОБРАБОТКАТА НА КОМУНАЛЕН ОТПАД“

Физибилити студија за „Утврдување на оправданоста од обработката на комунален отпад“
Советот на Општина Кавадарци едногласно ја прифати одлуката за усвојување на Физибилити студијата за „Утврдување на оправданоста од обработката на комунален отпад“. Со имплементација на оваа студија ќе се избегне депонирањето отпад на постојните нерегулирани депонии, а со тоа ќе се избегне големото загадувањето на околината.
Со реализирањето на проект врз основа на студијата, Кавадарци меѓу првите ќе влезе во групата на зелени општини каде ќе се третира и обработува комуналниот отпад. Наместо на депонија, отпадот ќе се носи до индустриска постројка која ќе го преработува. Студијата која ја усвои советот ќе го регулира депонирањето и управувањето со отпадот најмалку пет години, се до изградбата на регионална депонија што е обврска и на што работат општините од Вардарски плански регион.
Зборувајќи на оваа тема градоначалникот на Кавадарци Митко Јанев нагласи дека постојната депонија е потенцијална опасност за загадување на градот. „Законска обврска на секое комунално претпријатие е да се справува со отпадот. Ние мора да се бориме и да стигнеме до повисоко ниво на култура за да не се гушиме во сопствениот отпад. Ако направиме еден ваков систем и делумно го обработуваме отпадот, ние ќе бидеме меѓу првите зелени општини. Најголемата придобивка е што отпадот од органско и неорганско потекло ќе биде селектиран и обработен. Тој отпад од околу 30 отсто што не може да се обработи ќе се врати на депонија, но тоа е без опасен отпад. Нашата постоечка депонија е повеќе од 30 години и не знаеме во каква состојба е и што се испушта од неа“. Истата пред две години се запали и беа потребни 15 дена за нејзино гаснење – додаде Јанчев.
„Во Кавадарци постојат три нерегулирани депонии. Тие не се подложни на никакви инспекциски надзор, а сето тоа влијае врз квалитетот на животната средина. Оваа физибилити студија е во согласност со интересите на општина Кавадарци и нема финансиски импликации од нејзиното имплементирање за општината“рекоа изготвувачите на студијата. Депонирањето на отпадот ќе се регулира со доделување на концесија на постоен концесионер кој има постројка на територијата на општина Кавадарци. ЈП „Комуналец“ наместо до нерегулираните депонии, ќе го носи отпадот до компанијата оператор која ќе управува само со комуналниот отпад, кој досега се носеше на постојните нерегулирани депонии.

# ТЕКОВНИ РАБОТИ



## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СЕМАФОРИТЕ

Општина Кавадарци започна со реализација на сообраќаен проект за подобрување на вертикалната патна сигнализација. Предвидено е комплетно да се реконструраат семафорите на три значајни раскрсници од кои две во центарот кај Домот на Културата и кај старата автобуска, како и семафорската постројка кај училиштето „Гоце Делчев".

Според проектот целосно ќе биде заменета подземната инфраструктура за електричното напојување, а комплетно нови ќе бидат столбовите како и светлечките уреди возачки и пешачки латерни со одбројувачи на време во ЛЕД технологија.

Ова е прв посериозен зафат за реконструкција на семафорите од нивното поставување во седумдесеттите години од минатиот век, кога Кавадарци за прв пат доби светлосна регулација со семафори на сообраќајот низ градските улици.

## МЕМОРАНДУМ ЗА ДЕЛОВНО ТЕХНИЧКА СОРАБОТКА

Општината Кавадарци и Јавното претпријатие „Македонски шуми" потпишаа Меморандум за деловно техничка соработка со кој се дефинираат определбите на двата субјекти за заедничко делување во насока за реализација на Оперативниот План за пошумување. Палнот кој го мина филтерот на Советот на општината, предвидува во наредниот период на територијата на Кавадарци да бидат пошумени околу 40 хектари голини.

Цел на неколкуте акции кои ќе се спроведат за реализација на планот е пошумувањето на долови-поројници, ерозивни терени, голини како и други површини кои се подложни на ерозија. Општината и шумското претпријатие ќе ги превземат овие активност за заштита од потенцијална опасност од поплави покрај течението на реката Луда мара, а се надвор од генералниот Урбанистички план. Со оваа соработка Општина Кавадарци и Подружницата „Бор" на ЈП „Македонски шуми" директно ќе делуваат и на планот на екологијата, заштитата и унапредувањето на животната средина.







## СЕ ПРОШИРУВА КАПАЦИТЕТОТ ЗА СМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЦА ОД ПРЕДШКОЛСКА ВОЗРАСТ.

Општината Кавадарци и Јавната општинска установа детска градинката „Рада Поцева" работат на надминувањето на проблемот со недостиг на капацитети за опфат на децата од предучилишна возраст во детската градинка.

Општината и Јавната установа реализираат проекти за проширување на капацитетите на два објекти. Се доградуваат простории на објектот „Детелинка" кај ООУ „Тошо Велков-Пепето", а се доградува и на објектот „Снежана" кај старат Ваташка градинка.

Според проектот вкупно треба да бидат доградени 7 нови занимални од кои 2 на објектот „Снежана" и 5 на објектот „Детелинка".

Според очекувањата во овие два објекти треба да бидат опфатени помеѓу 150 и 180 деца.

Со реализацијата на овој проект ќе се излезе во пресрет на барањата на родителите чии деца имаат потреба до сместување во градинка.

Во напорите за зголемување на опфатот на децата од предшколска возраст, општината изврши адаптација на објектото на новото училиште во село Марена, кое сега ќе има функција на градинка за децата од ова село. Овде се предвидува прифаќање на 25 до 30 деца од село Марена.

Општината и градоначалникот паралелно работат и на проект за изградба на ново објект од градинката, со што би се создале просторни услови за згрижување и прифаќање на сите деца од предшколска возраст во градинката.









## ТРАНСПАРЕНТНИ ОПШТИНИ ВО ФУНКЦИЈА НА ЛОКАЛНАТА ДЕМОКРАТИЈА

Градоначалникот г-дин Митко Јанчев присуствуваше на музичко-ликовниот хепенинг, организиран од страна на здружението „Чекор кон Европа", а во рамките на проектот „Транспарентни општини во функција на локалната демократија" финасиран од Европската Унија.

Ова беше еден од последните содржини на овој проект во чии рамки претходно во соработка со градоначалникот и општината се одржаа неколку настани меѓу кои и проектите: „Рецепт за локална демократија" во присуство на францускиот амбасадор, како и проектот „Граѓански буџет" за транспарентен пристап во образложувањето на општинскиот буџет кон граѓаните.

Ликовната интервенција, една од последните содржини во проектот ја реализираа ученици од Гимназијата „Добри Даскалов" под менторство на професорот по ликовно Ванчо Кеков.

Градоначалникот Јанчев ги посети младите во нивната креативна фаза на изработка на ликовни творби. Разговорт беше посветен на нивните желби за општество во кое сакаат да живеат и работат.

Локалната самоуправа Кавадарци од самиот почеток го поддржа овој проект и се вклучи во реализацијата на сите активности.



Покрај основната дејност на Музеј – галеријата: прибирање, обработка, заштита и презентација на музејскиот материјал од сите области на музејската дејност во текот на месец февруари акцентот беше ставен на програмските активности од локален карактер и тоа: одбележување на значајни дати и јубилеи, подготовки на изложби, административни активности како и тековни и вонпрограмски активности.

Иако за програмите од национален карактер со кои конкурираме до Министерств за култура – Скопје, добивме известување, сепак се до склучување на договори со дотичното министерство со активности не можеме да започнеме. Локален Музеј - галерија Кавадарци секоја година учествува со поголем број на проекти на овој конкурс, а оваа година според новите критериуми за аплицирање добивме 2 проекти од археолошка и ликовна дејност со финансиска конструкција како и до сега.

Со реализацијата на програмските проекти подржани од Градоначалникот и Локалната самоуправа - Кавадарци овој месец како и секоја година традиционално ликовните збиднувања ги започнавме на 13-ти февруари со отворањето на изложбата на ликовниот уметник од Кавадарци, Лазар Дојчинов по повод чествувањето на верскиот празник Св. Трифун- кој се прославува како ден на лозарите и винарите во нашиот крај. Иако наредните два дена беа прогласени за денови на жалост во нашата држава поради трагичнен настан со сообраќајна несреќа поради што беа откажани сите културни манифестации, сепак на инсистирање на голем дел на гости – пензионери од Велес и Тетово, кои тој ден беа присутни во општина Кавадарци ги посетија нашите Музеи. Во текот на месецот се продолжи со реализација на проект, за дигитализизација и 3Д презентација на Новиот Музеј. Проектот е во организација на Градоначалникот и Локалната самоуправа а ние како соработници во овој проект презентираме во дигитална форма појаснување на секој предмет кој се наоѓа во музејот. Ова е почеток на овој комплексен проект кој во иднина би се продолжил и би опфанал и други културни и духовни места.

Во текот на месецот имаше и постојана посета и презентација на музејските поставки со кои располагаме. Посета на изложбата на ликовниот уметник Лазар Дојчинов, Новиот музеј т.е. Музејот на Традиционална Тиквешка храна од домашни гости и од другите градови и тоа поголема група жени, пензионери од Велес и Тетово.. Во текот на месец февруари имаше посета на ученици од училиштето "Д.Ангелов-Габерот од Ваташа во Спомен куќата на Народниот херој на Македонија Страшо Пинџур каде се одржа историски час и разгледа поставката.

За активностите реализирани во месец јануари беше запозната и јавноста преку натписи во дневните весници "Дневник", "Нова Македонија", социјалните мрежи и портали.

Во месец февруари беа одбележани сите позначајни дати, настани, личности и јубилеи во Општина Кавадарци. Настаните се објавуваа на страната на Музеј- галерија.

1/ 135 години од раѓањето на Мишо Шкартов- Тиквешки војвода и револуционер од времето на Илинденскиот и Поилинденскиот период. Се борел во четите на војводите Добри Даскалов и Пешо Самарџиев, а во 1905 година бил борец и секретар во четата на војводата Јане Сандански. Еден е од иницијаторите за новата Народна Федеративна Партија (НФП), во Кавадарци во 1909 година која се залагала и за формирање на независна Македонска држава, во рамките на Отоманската Империја. Во 1913 година, активно учествува во Тиквешкото востание, како војвода на револуционерната чета и член на Главниот штаб на востанието. Во 1920 година е избран за раководител на Солунскиот револуционерен округ. Во 1925 година е член на ВМРО (Обединета), и е еден од нејзините најактивни членови. На Централната конференција, станал и член на Централниот комитет. Почина во Софија на 52 години на 25.06.1936 година.

2/ 75 години од Февруарскиот поход, поход на Народноослободителната војска на Македонија, која во февруари 1944 година извршила оперативни дејства на територијата на источна, централна и западна Македонија. Во походот учествуваат борците на Втората македонска ударна бригада, Првата македонско-косовска бригада и група баталјони на НОВ и ПО на Македонија. Втората македонска бригада во која поголемиот дел од борците се од Тиквешко, дејствувале помеѓу Тиквеш и Гевгелиско, преземајќи офанзивни дејства према Кавадарци и Демир-Капија. Походот трае до 25 февруари 1944 година, при зимски услови, висок снег и многу ниски температури а притоа водејќи жестоки борби со фашистичките сили. Успешното изведување на Февруарскиот поход имало големо политичко и воено значење за развитокот на НОВ во Македонија воопшто.



10/ 75 години од смртта на Стефан Хаџи Тефов – Феткин. Роден е во Кавадарци на 14 март 1923 година.Завршил гимназија во Кавадарци и е член на СКОЈ од 1939 година.Во 1941 година станал член на МК на СКОЈ во Кавадарци. Во април 1943 година станал член на Околискиот комитет на КП за Кавадарци. Во мај е еден од првите борци на одредот "Добри Даскалов". Во времето на февруарскиот поход 1944 година Стефан Хаџи Тефов се наоѓа на теренот на селото Клиново. Заболува како последица на долгиот и тежок февруарски поход и бил пренесен на лекување во месноста "Клински колиби". Биле вложени големи напори за негово оправување, но болеста била посилна иземала се поголем замав, по што Стефан починал.

Локалниот Музеј-галерија, Кавадарци како и секоја година традиционално ликовните збиднувања ги започнува на 13-ти февруари со отворањето на изложбата на ликовниот уметник од Кавадарци, Лазар Дојчинов по повод чествувањето на верскиот празник Св. Трифун- кој се прославува како ден на лозарите и винарите во нашиот крај. Лазар Дојчинов пред многубројната публика се претстави со 42 дела изработени во акрилна и акварелна техника. Изложбата е во соработка со градоначалникот и локалната самоуправа. На изложбата говореа директорот на Музеј галеријата - Весна Ѓорѓиева, авторот на изложбата, а ја отвори Мирјана Мукаетова – новинар од Кавадарци.

Покрај тековните програмски и административни активности во текот на месец февруари ( прибирање, обработка на музејски материјали, пописи на инвентар, литература и сл.) се реализираа и значајни вон програмски активности. За одбележување е продолжувањето на доста амбициозниот проект, за дигитализизација и 3Д презентација на Новиот Музеј. Проектот е во организација на Градоначалникот и Локалната самоуправа а ние се јавуваме како соработници во овој проект и наша задача е да продолжиме со праќање кратко појаснување на секој предмет кој се наоѓа во овој музеј.
- Овој месец г-ѓа Аница од Скопје, со потекло од Кавадарци, ќерка на Глигор Гечевски-Ивче, борец и некогашен директор на АК "Тиквеш" од Кавадарци, двапати го посети Музејот, од кој побара пишани документи и фотографии за објавување нејзина книга која ја посветува на животот и делото на нејзиниот татко.
-Учество на научна конференција "Св.Трифун и виното-обичаи,верувања и ритуали" одржана во Општина Неготино, а организирана од општинска установа Музеј на град Неготино. Настанот се одржа на 13 и 14 февруари со учество на еминентни професори од областа на Етнологијата.
- Изработка на текстови по повод празникот Св.Трифун и празнувањето во Тиквешијата. Превземено од Светлана Дарудова дописник на МИА и порталот на РТК и новинарот Марјан Димитров.

Во текот на месец февруари имаше посета на ученици од училиштето "Д.Ангелов-Габерот од Ваташа 9 одд., 15 ученика во Спомен куќата на Народниот херој на Македонија Страшо Пинџур каде се одржа историски час и разгледа поставката.
Во рамките на новиот музеј имавме посета на првачиња од О.О.У "Страшо Пинџур" од Кавадарци 60 ученика.
Во текот на месецот имаше и постојана посета и презентација на музејските поставки со кои располагаме. Посета на изложбата на ликовниот уметник Лазар Дојчинов, Новиот музеј т.е. Музејот на Традиционална Тиквешка храна од домашни гости и од другите градови и тоа поголема група жени, пензионери од Велес и Тетово.

# НЕ ЧЕКА ПЛОДНА



Славиме 90 години од првата одиграна претстава во Кавадарци, и токму тоа е причината за зголемената активност на Театарот при Домот на Културата „Иван Мазов – Климе“. Почнати се подготовките на две претстави, една детска и една целовечерна. Детската е одличниот текст на L. Frank Baum „Волшебникот од Оз“, во адаптација и режија на Микица Илова, а премиера за истата можеме да очекуваме средината на април. Целовечерната претстава е со оригинален наслов „Run for your wife“ од Англискиот комедиограф Ray Cooney, а со работен наслов „Од кол на кол...“ во адаптација и режија на Диме Коцевски и веќе добро познатиот тим од актери кај кавадаречката театарска публика: Видан Станоев, Диме Боцев, Валентина Ѓоргиовска, Ребека Малиминновска и за прв пат Магдалена Атанасова и Саше Орешков.

# ТЕАТАРСКА ГОДИНА



Премиерата на оваа комедија која ќе се игра на кавадаречки дијалект се очекува за втората половина на април. Третиот Театарски проект за првата половина од оваа сезона ќе биде во режија на Ненад Витанов, млад режисер кој на огромно задоволство за прв пат ќе работи во кавадаречкиот Театар, а се работи за текстови од безвременскиот Антон Павлович Чехов, „МЕЧКА“ и „ПРОСИДБА“.

Се гледаме на Театар



# ООУ „СТРАШО ПИНЏУР“

На ден 05.03. 2019 година, ООУ „Страшо Пинџур“ Кавадарци, како и секоја година, го одбележа патрониот празник на училиштето, во чест на револуционерот Страшо Пинџур. Директорката Олијана Крстева заедно со вработените положи свежо цвеќе на бистата на паднатиот херој, Страшо Пинџур во Алејата на борците. Училиштето своето чествување го продолжи во Домот на Културата „Иван Мазов Климе“ Кавадарци, во 18:00 часот, каде Директорката Олијана Крстева на свечената седница им се обрати на присутните, по што следуваа прогласувањето парвенците на генерацијата: Ана Камчева, Мери Ѓорѓиева и Надица Атанасова од централното училиште, Венеса Јошевска и Кристина Димкова во ПОУ с.Возарци и Андијана Бошева во ПОУ с.Дреново. Исто така, награди добија и учениците кои освоија прво, второ и трето место на конкурс ликовно, проза и поезија по повод патрониот празник на училиштето. Тоа се: Цветанка Ристова и Матеа Мукаетова - 3 место проза, Вероника Колашева и Катерина Степанова - 2 место проза, Надица Коцева и Ана Камчева - 1 место проза, Милица Трајкова - 1 место на ликовен конкурс, Надица Атанасова - 2 место на ликовен конкурс и Калина Стамаџиева - 3 место на ликовен конкурс.

На церемонијата присуствуваа и вработените кои се пензионираа изминатава година, како и вработените во училиштето кои одбележуваат јубилеј во рамките на нивното работење, за што училиштето им подари пригодни подароци. Културно уметничката програма заврши со претставата “Бегалка“ организирана од учениците на ООУ „Страшо Пинџур“ под менторство на наставничката по македонски јазик, Зорица Атанасова.






# ООУ „ТОДЕ ХАЏИ - ТЕФОВ“





На ден 13.02.2019 година, ден пред патрониот празник на училиштето, учениците од VIII одделение, заедно со своите наставници
и во продружба со Директорката на училиштето положија свежо цвеќе на спомен обележјето на местото Калница каде е убиен
Тоде Хаџи - Тефов. Во негова чест се читаше и реферат. На ден 14.02.2019 година училиштето го празнуваше својот патронен празник.
На бистата на Тоде Хаџи - Тефов цвеќе положија Директорката на училиштето. Претставници од локалната самоуправа и Советот на Општина Кавадарци, Внук од фамилијата на Тефов, Синдикалната организација, Училишниот одбор и ученици од трето одделение.
Свое обраќање имаше Директорката на училиштето - Марија Трајкова и внукот на Хаџи - Тефов - Пано Јосифов.
Беа доделени јубилејни награди за работно искуство од 10, 20 и 30 години работен стаж, пензиониран работник,
во чест на патрониот празник беше распишан и литературен конкурс на кои учениците се здобија со:
I награда, II награда и III награда. Се избра и ученик на генерацијата - Борјана Трајкова.









**Успешен настап на Џудо клубот Кожувчанка од Кавадарци**

На ден 24.02.2019 година во спортската сала "Зеф Љуш Марку" во Скопје се одржа државното првенство во џудо на Македонија за пионери и сениори. Ова првенство е и почеток на сезоната на џудо клубот Кожувчанка. На ова првенство учество зема и џудо клубот Кожувчанка со вкупно 13 џудисти од кои 8 во пионерска конкуренција и 5 во сениорска конкуренција од кои се освоени вкупно 9 медали и тоа 6 во пионерска и 3 во сениорска конкуренција од кои вкупно два златни медали, два сребрени медали и пет бронзени медали.




**Боите на клубот ги бранеа во пионерска конкуренција:**

- Марија Илиевска до 48 кг, сребрен медал,
- Анастасија Михајловска до 63 кг, сребрен медал,
- Тоше Петров до 34 кг, бронзен медал,
- Игнат Петров до 38 кг, златен медал,
- Душко Јовески до 55 кг, бронзен медал,
- Никола Петров до 60 кг, бронзен медал,
- Никола Јанев до 50 кг
- Мила Јованова до 44 кг.

**Во сениорска конкуренција се постигнати следните резултати:**

- Розе Милкова до 52 кг, бронзен медал,
- Благица Колева до 78 кг, златен медал,
- Димитар Колев до 66 кг, бронзен медал,
- Благој Тодоров до 60 кг,
- Даниела Тодорова до 70 кг.

Тренерите Марјан Колев и Сашко Ангелов се премногу задоволни од освоените медали. Особено горди на Благица Колева која го повтори ланскиот успех и со неполни 16 години е сениорски првак. Големи успеси забележаа и останатите џудисти кои покажаа како се бранат боите на клубот. Голем мотив за поголеми успеси доби и дебитантот Мила Јовановска која на борилиштето покажа дека во неа има голем потенцијал. Клубот продолжува понатаму со тоа што следно е државното првенство за помлади пионери и јуниори кое ќе се оддржи на 17 ти март во СЦ Јасмин.



# ЛИЧНОСТ НА МЕСЕЦОТ

## ВИДАН СТАНОЕВ

Видан Станоев е роден во 1989 година во Кавадарци.
Основно и средно училиште завршува во Кавадарци и подоцна дипломира на Економскиот Факултет во Скопје.
Уште од најрана возраст се покажува како многу сестрано дете и почнува со воннаставни активности.
Беше член на Фолклорниот Ансамбл "Тиквеш" од својата 7ма година,каде активно и успешно работеше цели 20 години.
Особено покажува интерес за фудбал и уште во основното училиште започнува фудбалска кариера во младинската школа на ФК "Победа" од Кавадарци, за потоа да ја продолжи во ФК "Тиквеш", каде што и завршува со играчката кариера.
Од фудбал се префрла на футсал (мал фудбал) каде од 2008 настапува за екипата на КМФ "Црна Река".
Со екипата на КМФ "Црна Река" го освојува Купот на Македонија во футсал во сезоната 2011/2012.
Исто така има и одиграно 10 натпревари за Футсал Репрезентацијата на Македонија.
Сепак најголема љубов покажува кон театарот. Со глума почнува уште во основното училиште по училишните претстави и рецитали за да по завршувањето на средното училиште стане активен член на полу-професионалниот театар при Домот на Културата од 2007 година.
До денес има играно во преку 15 претстави кои се вистински хит не само во Кавадарци туку и низ цела Македонија.
Активен член на Продукциската куќа "Кавадион" и дел од нивниот проект Кав'даречки Народни Прикаски.
Дел е од проектот на РТК и "Кавадион" под наслов "Лакардиите на Паја" каде ја игра главната улога,ликот на Блажо.
Хуморот, позитивноста и доброто расположение се негов заштитен знак.
Моментално работи како професор по Бизнис во СОУ "Ќиро Спанцов-Брко" и активно работи на нови проекти со полу-професионалниот театар при Домот на Културата, Кавадион и РТК.

# ОД СРЦЕ ЗА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ







35 прочистувачи со вредност од 25 илјади евра донираше компанијата Блуер за гимназијата „Добри Даскалов“ и СОЗШУ „Ѓорче Петров“ во Кавадарци. Со оваа донација и претходната, просториите во образовните институции во Кавадарци се целосно обезбедени со апарати кои го прочистуваат загадениот воздух.

Градоначалникот Митко Јанчев рече дека се создадени услови за учениците да претстојуваат во простории каде ќе има чист воздух во текот на наставата.
Благодарност за донацијата искажаа директорите на двете средни училишта, Невенка Поп-Ангелова и Горан Велковски.

Од компанијата Блу ер, што ги донира прочистувачите нагласуваат дека станува збор за паметни уреди кои вршат квалитетно прочистување на воздухот.

Со оваа донација се достигнува бројка од 200 прочистувачи кои се монтирани во просториите на детската градинка, во основните и средните училишта.

# ГРАДСКИ МУАБЕТИ

Некња еден мој добар пријател ми вика, како бре Градски Муабети ги пише дете од село? Кууку да се закаче, онака од милост, иначе знае он ногу убаво шо значе Ваташа (или по Ваташки, Ватча) за Кавадарци. А и знае кај да ме чепне. Ја му викам, очите на ти ги, Ватча не ми а чепкај. И добро шо знае дека треба да каже село а не населба, иначе одма му и давам калаите. Ка сме виќе ки Ватча, на мојте Кавдаречки другари најчудно му беше на времето ка на дуњата имаше саде фиксни телефони, ќе се јавеа кај мене да ме побарат и мајка или татко ќе му речат не е дома, за (на) Кавадарци е. Нив не му беше јасно како тоа ја су за Кавадарци, ка ја су од Кавадарци?! Ама тоа саде на почетокот, после видоа дека не су саде ја, и дека други закони важат у Ватча па некако почнаа да се навикнуват...

Пак сме у Ватча. Почнаа да го праат кејот  И сеа полека ама сигурно ќе го споат цел кеј, па ка це отчепиш од ж'тиот мост (виа сеа шо го праат ка оиш накај Моклиште) па се до Глишиќ шо се вика, една квалитетна пешачка зона коа се надевам нас шо ги иаме сите диети на светот пробано (а богами и изедено у енормни количини), ќе ни помогне да симниме некое кило, а на останатите да си имат едно местенце кое ќе му биде издувен вентил после бурните секојдневни рутини и стресови. Бај д уеј, мораме да спомниме дека пешачката зона нема да заврше ки новиот мост у Ватча, туку од таму ќе продуже до Моклиште, до Манастирската воденица... Воа има уш една придобивка (бар така се надеваме), Ваташани се познати по тоа шо си одат по патот, има тротоар ама ни си ојме по патот (не прашујте зошто, оти и ни не знајме зошто), па сеа со кејот и со пешачката зона, има шанси (мали до душа) да се тргниме од патот...

Вчера у Кавадарци го донесиа ноа возилото кое популарно и нагалено го викат ПАЈАК. Воа е феноменална вест за нас кои сакаме малку ред у сообраќајот. Значи конечно ќе курдиса зонското паркирање, и конечно ќе почне пајакот да си а брка работта и најконечно, белки ќе се среде хаосот со паркирањето, а со самото тоа и возачката култура кај возачите и тиа шо мислат дека се возачи...

П. С. Не чека ногу плодна Театарска година. Оскарите поминаа горе долу без големи изненадувања ама и без водител. Јунајтед играе ѓоа пpeроден од ка дој Оле. Оште 40тина дена до последната сезона на ГОТ...

**Бу КОЦЕВСКИ**

Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Сузана Шалева
**Дизајн:** Иновативa Груп
**Печати:** печатница ГРАФО ПРОМ Битола
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
kavadarci.gov.mk